FRIEDRICH NAUMANN FOUNDATION For Freedom.
Bulgaria and North Macedonia

European Centre of Excellence

Institute for Good Governance and Euro Atlantic Perspective

Справување со Евроскептицизмот во земјите од Западен Балкан

Анализа на состојбата во Северна Македонија



© 2025 Европски центар за извонредност (ЕЦЕ Брисел), Фондација за слобода „Фридрих Науман "-Проектна канцеларија за Бугарија и Северна Македонија, Институт за добро управување и евро-атлантски перспективи (ИДУЕП) Скопје, Брисел, октомври 2025

Издавачи:
Европски центар за извонредност (ЕЦЕ Брисел)
Плас ду Самди 8, Брисел 1000, Белгија

Фондација за слобода „Фридрих Науман " - Проектна канцеларија за Бугарија и Северна Македонија
ул. Цар Калојан бр.: 8, Софија 1000, Бугарија
https://www.freiheit.org/bulgaria-and-north-macedonia

Институт за добро управување и евро-атлантски перспективи
Бул. Кочо Рацин бр.: 40, 1000 Скопје, Северна Македонија
https://www.iduep.org.mk

Автори: Бојан Кордалов, Теодора Ставрова

Уредник: Ивајло Цонев

Дизајн: Бригада Дизајн

Забелешка за користење на ова издание
Ова информативно издание претставува производ обезбеден од Фондацијата за слобода „Фридрих Науман ", Европскиот центар за извонредност (ЕЦЕ Брисел) и Институтот за добро управување и евро-атлантски перспективи од Скопје. Се дистрибуира бесплатно и не смее да се продава. Ставовите изразени во ова издание се единствена одговорност на авторите и не ги одразуваат нужно позициите на Фондацијата за слобода„Фридрих Науман ".

Лиценца:
Содржината на ова издание е објавена под лиценца Creative Commons:
https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/
– споделувањето, копирањето, дистрибуцијата и прилагодувањето се дозволени, под услов да се наведе изворот и издавачот.

Содржина:

1. Предговор 5

2. Вовед 9

3. Северна Македонија, младите и евроскептицизмот – Подетален осврт 12

3.1. Евроскептицизам кај младите: трендови, причини, манифестации 12

3.2. Перцепции и ставови на младите кон ЕУ 13

3.3. Социоекономски и демократски контекст 16

3.4. Правда, еднаквост и чувството на припадност кај младите во контекст на растечкиот евроскептицизам 19

4. Медиуми, образование и дигитална писменост – пречки или решенија? 21

5. Економска перспектива: Предизивици за младите 25

5.1. Клучни економски пречкикои го зајакнуваат младинскиот евроскептицизам 25

5.2. Ниски плати и недостаток на можности за напредување 26

5.3. Ограничен пристап до капитал и поддршка за младинско претприемништво 26

5.4. Недоволна поврзаност меѓу образованието и професиите на иднината 27

5.5. Притисок за иселување поради недостиг на можности усогласени со ЕУ 27

6. Препораки за креирање јавни политики 28

6.1. Економско зајакнување и можности 28

6.2. Институционална вклученост и структурни реформи 30

6.3. Стратешка комуникација, справување со дезинформации и дигитална вклученост 31

6.4. Европска институционална акција и поддршка 34

7. Заклучок 37

Прилог 1: Онлајн анкета: Младите во Северна Македонија и евроскептицизмот 38

Биографија на автори 43

Користена литература: 45

1. Предговор



Фотографија: © Европска Унија 2022 – ЕП / Алексис Холо. Извор: Мултимедијален центар на Европскиот Парламент (Реф: EP-140010A)

Секоја генерација наследува едно ветување. За младите од Западен Балкан, тоа ветување е Европа-континент обединет не само со договори и институции, туку и со вредностите на слободата, правдата и можностите.

Младите луѓе се движечката сила на секоја промена на подобро. Иднината на пристапувањето во ЕУ, а всушност и иднината на самата Европа, зависи од ангажманот, довербата и инклузивноста на младите во земјите кандидати за членство. Нивните гласови, очекувања и стремежи се клучни за градење Унија што е посилна, поправедна и позаедничка. Без нив, не може да има трајна доверба, ниту вистинска трансформација, ниту обединета Европа.

Но што се случува кога едно ветување останува неисполнето? Тоа раѓа сомнеж наместо надеж. Оваа публикација истакнува важен наод: многу млади во Северна Македонија и понатаму гледаат позитивно на ЕУ, но речиси половина се сомневаат дека нивната земја некогаш ќе се приклучи. Ова не е само статистика, туку јасен сигнал што бара акција и од институциите на ЕУ и од државната власт. Евроскептицизмот кај младите не е отфрлање на европските вредности. Напротив, тој ја одразува фрустрацијата од бавните реформи, упорната корупција и недостатокот од можности. Како такво, претставува барање ЕУ да го исполни своето ветување.

Оваа доверба може и мора да се обнови. Европската унија и нејзините институции имаат одговорност да одговорат на овие грижи со опи-

пливи и видливи резултати.Мора да обезбедиме младите да имаат пристап до квалитетни работни места, образование, мобилност, финансиски можности и инклузивни платформи за дијалог.Истовремено, од исклучителна важност е да се справиме со еден од најитните предизвици на нашето време: дезинформациите. Лажните наративи ги поткопуваат демократските процеси и перспективата за пристапување во ЕУ.Затоа, зајакнувањето на независните медиуми, поддршката за медиумски формати создадени од млади и вградувањето на медиумска, дигитална и ВИ писменост во образованието се итни и неопходни чекори.

Можностите што ЕУ ги нуди преку различна поддршка за Западен Балкан, како на пример Еразмус+ програмата, мора да се комуницираат подобро, да бидат подостапни и подиректно почувствувани од младите.Подеднакво важен е и дијалогот. Претставниците на ЕУ, вклучително и пратениците во Европскиот парламент, треба систематски да се среќаваат и да ги слушаат младите – не само за време на официјални посети во Брисел, туку и во главните градови на земјите кандидати. Само со директен ангажман може да ја обновиме довербата и да обезбедиме младите да чувствуваат сопственост врз европскиот проект.

До младите низ целиот регион: Европската унија е нецелосна без вас. Вашите гласови мора да го обликуваат патот кон членството во ЕУ, а вашето активно учество ќе биде клучно за да се осигура дека проширувањето ќе стане не само политички процес, туку и генерациски проект на надеж, можности и единство.Само заедно, и само оние што навистина се грижат, можат да го направат тоа реалност. Бидејќи вие заслужувате подобро.

Ирена Јовева,
Пратеничка во Европскиот парламент



Младите луѓе се пулсот на секое општество. Тие ја носат надежта, храброста и креативноста што се потребни за да се обликува следното поглавје на Европа. Нивната желба за промена, способноста за прекугранично поврзување и нивниот инстинкт за иновација се она што ја одржува европската идеја жива и во развој. Но, кога токму оние кои треба најмногу да имаат корист од пристапувањето во ЕУ почнуваат да се сомневаат во неговото значење или времетраење, тоа ни кажува нешто суштинско: мора да слушаме повнимателно, да делуваме поконзистентно и да зборуваме појасно за тоа што навистина носи и претставува Европа.

Наодите од оваа публикација ја носат токму таа порака. Многу млади луѓе во Северна Македонија сè уште веруваат во европските вредности и можности, но премногу често овие ветувања изгледаат далечни од нивното секојдневие. Несомнено, постои чувство на одбивање или разочараност, и тоа мора сериозно да се сфати. Но во тоа, да го слушнеме повикот за поврзување. Европскиот проект ќе остане значаен само ако се чувствува на реален и видлив начин: преку квалитетно образование, смислени работни места, иновации, граѓанско учество и правични институции што поттикнуваат доверба. Европа не смее да биде само визија за иднината; таа мора да биде присутна во секојдневното искуство на младите граѓани.

Европа никогаш не била замислена да постои само во договори, декларации или извештаи; таа била замислена да се живее и доживува. Нашата заедничка задача е да ја претвориме таа визија во нешто опипливо и зајакнувачко. Тоа значи да се осигураме дека секој млад човек може да го види европското ветување одразено во неговото образование, на неговото работно место и во слободата да замисли

иднина дома што се чувствува исто толку отворена и правична како и било каде на континентот.

Оваа анкета е навремен потсетник дека ангажманот започнува со слушање. И институциите на ЕУ и националните институции ја споделуваат задачата да градат вистински дијалог и соработка со младите, при што резултатите треба да се видат и почувствуваат. Обновувањето на довербата бара не само промени во политиките, туку и емпатија и упорност – постојан напор за да се обезбеди младите да се чувствуваат слушнати, почитувани и вклучени во одлуките што ја обликуваат нивната иднина.

Во Фондацијата за слобода Фридрих Науман веруваме дека силата на Европа лежи во слободни и одговорни граѓани кои ги обликуваат своите општества со иницијатива и уверување. Тоа верување ја води нашата работа низ замјите од Западен Балкан, каде што продолжуваме да го поддржуваме младинското учество, демократските вредности и прекуграничната соработка. Заедно со нашите партнери – Институтот за добро управување и евро-атлантски перспективи (ИДУЕП Скопје) и Европскиот центар за извонредност (ЕЦЕ Брисел) – горди сме што стоиме зад оваа иницијатива.

Бидејќи иднината на Европа нема да биде одредена само во институциите или преговорите; таа ќе биде дефинирана од идеите, енергијата и решителноста на следната генерација. И токму ним оваа работа им е посветена.

Мартин Коте
Регионален директор за Источна и Југоисточна Европа
Фондација за слобода Фридрих Науман

2. Вовед

Пристапувањето кон ЕУ носи слобода, мир и стабилност за сите земји што ѝ се приклучуваат на Унијата. Членството[1] обезбедува конкретни придобивки во повеќе области – од подобрување на квалитетот на живот и зајакнување на заштита на животната средина, до забрзување на севкупниот напредок и развој. Како резултат на тоа, во изминатите децении многу земји усвоија сеопфатни стратегии и спроведоа значајни реформи за да ги исполнат критериумите за членство, демонстрирајќи силна посветеност на европскиот пат [2].

Динамиката на проширувањето на ЕУ останува во фокус во регионот на Западен Балкан, каде што земјите се наоѓаат на различни нивоа од процесот на пристапување. Додека некои имаат отворено поглавја од преговорите, други сè уште се во раните фази на кандидатура или потенцијална кандидатура.Ваквото различно напредување ги одразува и внатрешните реформски предизвици, и надворешните геополитички фактори. Сепак, стратегиската посветеност на ЕУ кон регионот е очигледна, при што проширувањето се гледа не само како политичко прашање, туку и како геополитичка неопходност. **Споделената амбиција за членство во ЕУ, присутна меѓу земјите од Западен Балкан, претставува обединувачка сила за демократски реформи, регионална соработка и усогласување со европските вредности, и покрај различните национални контексти и реформски траектории.**

За да го поддржи овој процес, Европската Унија нуди широк спектар инструменти и рамки за зајакнување на врските со земјите-кандидати. Меѓу нив е Инструментот за претпристапна помош (ИПА), кој обезбедува таргетирана финансиска поддршка за спроведување на потребните реформи и усогласување со правото на ЕУ. Новововедената Реформска и инвестициска програма за раст за Западен Балкан дополнително ја засилува оваа поддршка преку поврзување на

1 Европска Унија: „Достигнувања и придобивки.“, официјална веб-страница, https://european-union.europa.eu/principles-countries-history/achievements_en

2 Европска комисија, „20 години заедно: Факти и бројки за придобивките од проширувањето за ЕУ“, https://commission.europa.eu/topics/eu-enlargement/20-years-together/20-years-together-facts-and-figures-about-benefits-enlargement-eu_en

финансиската помош со напредокот во клучните реформи. Освен институционалните инструменти, ЕУ овозможува пристап и до програми што традиционално биле резервирани за земјите-членки, како што се „Еразмус+“, „Хоризонт Европа“ и „Креативна Европа“, кои носат директни придобивки за граѓаните, особено за младите. Со овозможување на студирање, обуки и прекугранична соработка, ЕУ не само што придонесува за развој на вештини кај младите, туку создава и чувство на припадност кон европскиот проект.

Во изминатите децении, ЕУ и нејзините земји-членки се меѓу најзначајните и најдоследните поддржувачи на структурните трансформации во Западен Балкан. Преку финансиски инструменти, билатерална соработка и мултилатерални проекти, Унијата инвестираше милијарди евра во подобрување на јавната инфраструктура, промовирање на зелената и дигиталната транзиција и модернизација на институциите. Овие инвестиции не се ограничени само на институционално ниво – тие се проширени во локалните заедници, граѓанското општество и приватниот сектор. ЕУ програмите помогнаа во подобрување на секојдневниот живот преку поддршка на вработувањето, претприемништвото, инклузивното образование, здравството, заштитата на животната средина и справувањето со кризи – од природни катастрофи до пандемијата на КОВИД-19. Како најголем донатор во регионот, ЕУ претставува долгорочен партнер, изграден врз споделени вредности, солидарност и визија за заедничка европска иднина.

Во исто време, последните години се забележува известување[3] за зголемување на евроскептицизамот меѓу младите во земјите-кандидати од Западен Балкан. Иако е присутен низ целиот регион, неговата застапеност варира. На пример, според неодамнешна анкета-[4] во Северна Македонија, речиси половина од испитаниците (46.5%) не веруваат дека земјата некогаш ќе стане членка на ЕУ. Дополнително,

3 Дамјановски, Лаврић и Натерер, „Предвидувачи на евроскептицизмот во Западен Балкан“ и други студии за евроскептицизмот во земјите кандидати за ЕУ, https://www.researchgate.net/publication/340417200_Predictors_of_Euroscepticism_in_six_Western_Balkan_countries,

4 Онлајн анкетата „Младите во Северна Македонија и евроскептицизмот“ беше спроведена кон крајот на јуни 2025 година со учество на над 1000 млади луѓе од Северна Македонија. Оваа анкета е дел од поширока анализа на ставовите на младите кон Европската Унија и беше спроведена во рамките на соработката помеѓу Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (IDUEP Skopje), Европскиот центар за извонредност (ECE Brussels), Фондацијата за слобода „Фридрих Науман“ (FNF Office in Sofia), во соработка со студентската платформа "Studentarija". Повеќе информации за наодите се достапни во Прилог 1

35.8% сметаат дека членството е можно, но само во подалечната иднина. Само 6.7% веруваат дека тоа би можело да се случи во следните пет години, додека 11% се неопределени.

Корупцијата е препознаена како најголема пречка за ЕУ-интеграцијата и ја посочиле 84.6% од младите испитаници. Потоа следуваат билатералните спорови (61%) и ниската доверба во институциите (60%). Овие податоци јасно укажуваат дека младите ја препознаваат домашната политичка состојба како главен фактор што го попречува напредокот, но истовремено очекуваат конкретни мерки од националните институции за борба против корупцијата—како основа за подобар квалитет на живот и задржување на младите во земјата.

3. Северна Македонија, младите и евроскептицизмот – Подетален осврт

3.1. Евроскептицизам кај младите: трендови, причини, манифестации

Од прогласувањето на независноста во 1991 година, Северна Македонија одржува стратешка заложба за европска интеграција. Оваа амбиција официјално беше признаена во 2005 година, кога земјата доби статус на кандидат за членство во ЕУ. Во годините што следеа, преземени се различни напори за усогласување на националните политики и законодавството со вредностите и стандардите на ЕУ. Иако е забележан напредок во клучни области, динамиката и конзистентноста на реформите внимателно се следат како дел од процесот на пристапување во ЕУ. [5]

Сепак, патот кон членство беше исполнет со комплексни предизвици[6]. Продолжените билатерални спорови и потребата за решавање чувствителни идентитетски прашања ја ставија на тест довербата на јавноста во процесот на проширување. На пример, Преспанскиот договор[7], кој го заокружи билатералниот спор меѓу Северна Македонија и Грција, беше широко признаен[8] како чекор кон решавање билатерални прашања и напредување во евро-атлантските интеграции. Сепак, делови од населението Договорот го сметаат за компромис кој овозможи членство во НАТО, но сè уште не резултира со видлив

5 Европска комисија, „Северна Македонија", Европска комисија – Проширување,официјална веб-страница, https://enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/north-macedonia_en

6 Бенџамин Куто, „Патот на Северна Македонија кон ЕУ: Предизвици и можности во 2025 година", Институт Жак Делор, декември 2024 година, https://institutdelors.eu/wp-content/uploads/2025/04/BP_241210_North_Macedonia_Couteau.pdf

7 Влада на Република Северна Македонија и Република Грција, Конечен договор за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на ООН, и Воспоставување на стратешко партнерство (Преспански договор), потпишан на 17 јуни 2018 година, https://vlada.mk/sites/default/files/documents/spogba.pdf

8 Официјална веб-страница на Обединетите нации, „Шефот на ОН ја поздравува политичката волја зад историскиот договор за името на Македонија ", февруари 2019, https://news.un.org/en/story/2019/02/1032731

напредок кон членство во ЕУ. [9] [10].

Таквите перцепции се особено изразени кај младите, кои покажуваат фрустрација не само од бавниот процес на пристапување, туку и од постојаните домашни предизвици. Според национални и регионални анкети, до 71% од младите во Северна Македонија се сметаат за социјално неактивни, а само 8% учествуваат во иницијативи насочени кон справување со политички или општествени прашања[11]. Овие бројки одразуваат поширока разочараност и недоверба, често поврзани со ограничени можности за структурирано младинско учество и недоверба во институциите.

За Северна Македонија успешно да продолжи по европскиот пат, неопходно е создавање инклузивни механизми што ќе ги поттикнат младите да се вклучат во демократскиот живот. Ова вклучува зајакнување на младинските центри, формализирање на каналите за учество и интегрирање на младите во процесите на креирање политики. Институциите на ЕУ ја нагласуваат важноста на активното учество на младите како темел на демократската отпорност, социјалната кохезија и одржливиот развој. Заложбите за зајакнување на довербата во институциите и справувањето со корупцијата остануваат критични во надминувањето на основните причини за еворскептицизмот од страна на јавноста и унапредувањето на ЕУ перспективата.

3.2. Перцепции и ставови на младите кон ЕУ

Со цел да се слушнат гласовите на младите, спроведени се бројни истражувања и анкети за подобро разбирање на нивните ставови за членството во ЕУ. Според најновата анкета[12], спроведена во јуни 2025

9 Армаколас, Петковски и Вудури, Преспанскиот договор една година по ратификацијата: од ентузијазам до неизвесност?, ЕВРОТИНК 2020, https://eurothink.mk/wp-content/uploads/2020/09/The-Prespa-Agreement-1.pdf

10 Армаколас, Дамјановски и Сијакас, „Проспективите на договорот од Преспа: Јавните перцепции во Северна Македонија и Грција (Скопје и Атина: Институт за демократија „Социетас цивилис" и ЕЛИАМЕП), јуни 2021 година, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/The-Prospects-of-the-Prespa-Agreement-Public-Perceptions-in-North-Macedonia-and-Greece.pdf

11 Анкета „Младите во Северна Македонија: Оптимизам, апатија или разочарување?" од Фондацијата за демократија Вестминстер, февруари 2022 година,, https://www.wfd.org/what-we-do/resources/youth-north-macedonia-optimism-apathy-or-disappointment

12 Анкетата "Младите во Севрна Македонија и Евроскептицимот" – наодите достапни во Прилог 1

година со над 1.000 млади учесници, е забележано значително ниво на евроскептицизам.

Во моментов, младата популација во Северна Македонија има повеќе позитивен став кон ЕУ-41% се изјасниле дека се „за“, наспроти 35% кои се неутрални. Анкетата укажува дека 35.8% веруваат дека членството е можно, но само на подолг рок, а само 6.7% сметаат дека тоа може да се случи во следните пет години.

Од друга страна, студија објавена[13]во 2019 година покажува дека 60% од младите верувале дека земјата ќе стане членка на ЕУ, а 70% дека тоа ќе се случи во следните пет години.

Споредбата на анкетите (2019 и 2025) покажува пад на довербата за 17.5%, како и речиси десеткратно намалување на бројот млади кои очекуваат членство во ЕУ во следните пет години.

Овие податоци се алармантни и загрижувачки и укажуваат на назадување во ставовите наспроти прогрес.

Претставуваат алармантен сигнал дека евроскептицизмот и понатаму е значително присутен.

Дополнително, 33% од младите сметаат дека земјата назадувала во процесот на пристапување споредено со претходната година, додека само 17% веруваат во напредок, нагласувајќи ја потребата од конкретни мерки од страна надржавните институции против корупцијата како предуслов за подобри услови за живот и задржување на младите во земјата.

Корупцијата е идентификувана како најголема пречка за ЕУ интеграција од страна на (84.6%) испитаници, следат билатералните спорови (61%) и ниската доверба во институциите (60%)-фактори кои јасно покажуваат дека политичката клима во земјата е клучна пречка во напредокот на земјата кон ЕУ и јасно изразени очекувања за конкретни чекори од државните институции во борбата со корупцијта како за основа за подобрени услови за живот и задржување на младите во земјата.

13 Истражување на случај „Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочарување“ од Вестминстерската фондација за демократија, декември 2019 година, https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-02/WFD%20FINAL-SPOENA%20so%20korica-pomal%20(2).pdf

Приближно 60% од испитаницитесметаат дека членството во ЕУ нема значително да ја намали емиграцијата на младите луѓе[14].

Учеството во граѓански иницијативи останува ниско, со над 70% кои се сметаат за социјално неактивни и само 8% ангажирани во политички или граѓански иницијативи што рефлектира чувтсво на намалено зајакнување и предизвици со реформите[15] .

Една од главните цели на ЕУ е нејзиното проширување и вклучувањето на нови земји. Анкетата го истражува и ова, преку прашањето до испитаниците која земја, според нив, ќе биде следната членка. Поголемиот дел од испитаниците -53% – сметаат дека Албанија е следната што треба да стане членка, а веднаш зад неа е Црна Гора. Ова е очекувано, бидејќи тие се земји со најмал процент на скептицизам. Дополнително, само 8.2% веруваат дека Северна Македонија ќе биде следната што ќе влезе во ЕУ, што е загрижувачки. Ова укажува дека е потребно да се преземат поефикасни активности за обезбедување подобра иднина.

Заедно, овие анкети ја истакнуваат комплексната јавна атмосфера, која комбинира претпазлив оптимизам за евроинтеграциите со загриженост околу миграцијата и политичкото учество, особено кај младите граѓани кои навигираат низ еволутивниот европски пат на земјата. Како што беше наведено погоре, јавните анкети го потврдуваат присуството на евроскептицизам кај младите, додека истовремено нагласуваат широк спектар на можности и активности што националните и ЕУ институциите треба итно да ги преземат во соработка со младите и нивните организации.

14 Анкета за јавно мислење од IDSCS, февруари 2025 година, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2025/02/Analysis-of-public-opinion-on-North-Macedonias-accession-to-the-European-Union-2024.pdf

15 Анкета „Младите во Северна Македонија: Оптимизам, апатија или разочарување?“ од Фондацијата за демократија Вестминстер, февруари 2022 година„ https://www.wfd.org/what-we-do/resources/youth-north-macedonia-optimism-apathy-or-disappointment

3.3. Социоекономски и демократски контекст

Од содржината на овој документ може да се заклучи дека постои позитивен поглед кон самата Европска Унија, но не и кон брзо интегрирање во неа.

Иако земјата мора да преземе одговорност и активно да работи на спроведување на неопходните реформи, исто така треба да покаже вистинска посветеност за да ја заслужи и одржи довербата на Европската Унија.

Според официјалните информации од Министерството за европски прашања на Република Северна Македонија, земјата се соочува со недоволно искористување на средствата од ЕУ[16]. Само околу 34% од достапните ИПА средства, од речиси 302 милиони евра, биле искористени до крајот на 2023 година. Тоа значи дека приближно 122 милиони евра останале неискористени во периодот од 2022 до 2024 година.

Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ) започна неколку истраги за злоупотреба на средствата од ЕУ во Северна Македонија, вклучувајќи околу 20 постапки поврзани со земјоделските фондови, што укажува на можни системски слабости во управувањето со фондовите. Посебно значајно е тоа што ОЛАФ откри неправилности во управувањето со средствата[17] од програмата Еразмус+, што доведе до препорака Северна Македонија да врати околу 2.2 милиони евра поради злоупотребени средства во периодот 2016–2018.

Истрагите на ОЛАФ откриј манипулации и судир на интереси во рамките на процедурите за грантови на Еразмус+, вклучувајќи неовластено под-договарање и протекување доверливи информации кои биле искористени за влијание врз доделувањето грантови. Како последица, издадени се административни препораки за зајакнување на надзорот и спречување понатамошни злоупотреби. Случајот моментално е под истрага од страна на судските органи на Северна Македонија,

16 Прес-конференција на Орхан Муртезани, Министер за европски прашања на Република на Северна Македонија, јули 2024 година, https://koha.mk/en/fondet-ipa-maqedonia-per-tre-vjet-humbi-122-milione-euro/

17 Европска комисија, Извештајот на ОЛАФ за 2023 година, https://ec.europa.eu/olaf-report/2023/investigative-activities/protecting-eu-funds/international-investigations_en.html#irregularities-in-the-implementation-of-erasmus-projects

што укажува на тековните напори за заштита на интегритетот на финансирањето од ЕУ во државата[18].

Невработеноста кај младите, исто така, останува еден од најитните социоекономски предизвици на Северна Македонија. Кон крајот на 2024 година, стапката на невработеност[19] кај младите (типично дефинирана за возраст од 15 до 29 години) изнесуваше околу 30.33%, според официјалните податоци на Државниот завод за статистика. Оваа стапка е значително повисока од вкупната национална стапка на невработеност, што ја одразува структурната проблематика на пазарот на трудот која особено ги засега младите.

Покрај формалната невработеност[20], недоволната вработеност и несигурните работни односи се широко распространети меѓу младите во Северна Македонија. Многумина работат на нископлатени, неформални или привремени работни места кои не одговараат на нивните квалификации или кариерни цели. Истражувањата, исто така, покажуваат[21] дека стапките на недоволна вработеност кај младите се значително повисоки од оние кај општата популација, а голем број млади работници се заглавени во несигурни работни услови кои бараат посериозно политичко внимание. Овие услови придонесуваат голем дел од младите да бидат класифицирани како НЕЕТ (лица кои не се вклучени во образование, вработување или обука), проценети на меѓу 22–25% во последните години.

Заедно, овие фактори укажуваат на критични предизвици на пазарот на труд, кои ја попречуваат економската интеграција на младите и ја поттикнуваат миграцијата, нагласувајќи ја итната потреба од насочени политики за вработување, стручна обука и структурни реформи за подобрување на квалитетот и стабилноста на работните места за младите во Северна Македонија.[22]

18 ЕК бара надомест на 2,2 милиони евра злоупотребени преку Еразмус+ во Северна Македонија во 2016-2018 година, Национална агенција МИА, март 2024 година, https://mia.mk/en/story/ec-requests-reimbursement-of-eur-2.2-million-misused-through-erasmus-in-north-macedonia-in-20162018

19 Стапка на невработеност кај младите во Северна Македонија од 1991 до 2024 година, Статиста, https://www.statista.com/statistics/812208/youth-unemployment-rate-in-macedonia/

20 Студија за политики „Анализа на недоволната вработеност кај младите во Северна Македонија, Црна Гора и Србија", ФајнансТинк, март 2019 година, https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/10/Policy-study-22.pdf

21 Ibid, https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PolicyBrief_no.32-for-web2.pdf

22 Европска Комисија Youth Wiki, "Вработување и претприемништво, Општ контекст",

Емиграцијата на младите од Северна Македонија е пред сè поттикната од желбата да студираат, работат и живеат во земјите на ЕУ и на Запад воопшто. Според Истражувањето за млади 2024[23]„ 68% од младите изразиле желба да се иселат во странство, главно за да го подобрат својот животен стандард, да заработуваат повисоки плати и да ја избегнат корупцијата и политичката нестабилност. Многумина ги гледаат можностите во странство како далеку поветувачки за професионален и личен развој отколку оние дома.

Дополнителни квалитативни истражувања укажуваат дека младите, образовани лица од Северна Македонија често размислуваат за заминување поради перцепираниот недостаток на економски можности, незадоволство од институционалните системи и културни фактори. Многумина имаат за цел да продолжат високо образование или да најдат подобри работни перспективи во Западна Европа, особено во земји како Германија, Австрија, Италија, Словенија и Хрватска. Иако стипендиите охрабруваат дел од студентите да се вратат по студирањето во странство, стимулациите поврзани со кариерата за да останат во земјата често се недоволни, што доведува до значителен одлив на мозоци во академскиот и истражувачкиот сектор [24]

Овој тренд е одразен и во пошироките регионални податоци и извештаи на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и Светскиот економски форум (СЕФ), кои нагласуваат високи нивоа на мобилност на младите и одлив на мозоци предизвикан од невработеност, ниски плати и политичка неизвесност. Образецот претставува сериозен предизвик за социоекономскиот развој на Северна Македонија и нејзиниот долгорочен капацитет за развој[25].

Сепак, дури и меѓу оние кои сè уште ја поддржуваат идејата за членство во ЕУ, расте чувството на претпазливост и скептицизам. Ова

https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/republic-of-north-macedonia/31-general-context

23 Студија за млади: Северна Македонија, ФЕС, 2024, https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/21550.pdf

24 Размислувања за аспирациите за емиграција на младите, образовани луѓе во малите балкански земји: Квалитативна анализа на причините за заминување или останување во Северна МакедонијаЦЕЕМР, јуни 2022 година, https://ceemr.uw.edu.pl/vol-11-no-1-2022/articles/reflections-emigration-aspirations-young-educated-people-small-balkan

25 Статија: „Млади и активни: Каде младите сакаат да живеат и работат во ЕУ?", ЕНР, јануари 2025 година, https://europeannewsroom.com/young-and-restless-where-do-young-people-want-to-live-and-work-in-the-eu/

главно се должи на **бавниот напредок на интеграцијата, отсуството на видливи резултати во клучните реформски области и перцепцијата**[26] кај дел од испитаниците за недостаток на конкретни придобивки, што создава фрустрација поради бавното темпо и зголемен скептицизам кај граѓаните, вклучително и кај поддржувачите на пристапувањето. Посебно за младите, одржувањето доверба во процесот на евроинтеграција зависи не само од политички изјави, туку и од суштински реформи, подобрени можности и инклузивно учество. Без овие елементи, постои ризик постоечките фрустрации да се продлабочат, дополнително поттикнувајќи неангажираност и евроскептицизам со текот на времето.

3.4. Правда, еднаквост и чувството на припадност кај младите во контекст на растечкиот евроскептицизам

Важен, но често занемарен фактор што влијае врз евроскептицизмот кај младите во Северна Македонија е доминантната перцепција за неправда и недостиг на еднаквост во функционирањето на институциите.

Многу млади изразуваат длабоко незадоволство од владеењето на правото, борбата против корупцијата и селективната примена на правдата – гледајќи ги како симболи на нееднаквост и политичко влијание, наместо како демократски вредности. Оваа перцепција не само што ја поткопува довербата во домашните институции, туку го ослабува и чувството на припадност на младите кон сопствената држава. Кога младите се чувствуваат отуѓено од националните системи на правда, нивната мотивација да останат општествено активни и да градат иднина дома се намалува.

Во овој контекст, младинскиот активизам не треба да се гледа само низ призмата на учество и волонтирање, туку и како потреба за правда, транспарентност и интегритет во јавниот живот. **Поддршката на иницијативи предводени од млади кои промовираат реформи во правосудството, го следат институционалниот интегритет и се залагаат**

26 Регионален совет за соработка, „Балкански јавен барометар 2024“,", https://www.rcc.int/balkan-barometer

за антикорупциски политики може да помогне во обновување на чувството за еднаквост и граѓанска припадност. Конечно, зајакнувањето на принципите на правда и еднаквост е клучно за спротивставување на евроскептицизмот кај младите и за градење доверба – не само во Европската унија, туку и во самата држава кон која се очекува младите да придонесуваат (видете го и Прилог 1 за перцепциите на младите и препознавањето на корупцијата како примарна пречка за пристапување во ЕУ за Северна Македонија).

4. Медиуми, образование и дигитална писменост – пречки или решенија?

Во време на длабока дигитална трансформација, младите претставуваат најдинамична, но и најранлива група кога станува збор за влијанието на информациските технологии, медиумите и социјалните мрежи. Тие први ги прифаќаат новите платформи, алатки и трендови, но токму поради тоа, први се изложени и на негативните ефекти од дезинформации, манипулации и несоодветна содржина, особено на теми како што се Европската Унија, нејзините вредности и процесот на проширување на ЕУ.

Ширењето дезинформации и антиевропски наративи преку дигитални платформи

Денес, младите главно ги формираат своите ставови преку информации добиени од дигитални платформи како TikTok, Instagram и YouTube. Тоа се простори доминирани од кратка, визуелно привлечна, но понекогаш и манипулативна содржина. Овие формати се особено подложни на ширење дезинформации, а во однос на ЕУ може да содржат антиевропска реторика заснована на погрешни информации, полувистини или несоодветни факти.

Манипулативната содржина денес не е само проблем на дезинформациите, туку и на целиот дизајн и логика[27] на платформите што ги користиме. Ова е особено важно за младите во земјите кандидати за членство во ЕУ, бидејќи тие често се цел на наративи кои го претставуваат ЕУ процесот како безнадежен, премногу комплициран или далечен, директно или индиректно сугерирајќи алтернативи на европската интеграција.

27 Колумна „Долга приказна накратко“: Мора да се адаптираме, бидејќи вештачката интелигенција веќе го менува светот, Бојан Кордалов за ИТлогс, август 2025 година, https://itlogs.com/long-story-short-we-must-adapt-because-ai-is-already-changing-the-world/

Овие лажни наративи се целосно спротивни на тенденциите на генерации млади од Северна Македонија, кои во изминатите децении речиси исклучиво ги избираат земјите членки на ЕУ или НАТО, или блиски партнери на ЕУ, како примарни дестинации за учење, студирање, работа или живот надвор од сопствената земја.

Недостаток на структуриран пристап кон медиумска и дигитална писменост

Во образовниот систем во Северна Македонија, како и пошироко на Западен Балкан, медиумската писменост сè уште не претставува суштински дел од наставните програми. Според Македонскиот институт за медиуми, „и покрај неколкуте иницијативи за имплементација, медиумската писменост останува периферна тема во формалното образование.[28]

Сепак, денешниот забрзан технолошки напредок и децениското влијание на дигиталните платформи и социјалните мрежи значително го променија начинот на кој луѓето учат, примаат и прифаќаат информации. Ова драматично се развива во ерата на вештачката интелигенција (ВИ) и раширената употреба на ВИ-алатки во сите процеси, особено нивната сè поголема улога во секојдневниот живот на младите[29].

Поради овие причини, неопходно е да се воведе поинаков, адаптиран пристап: медиумската, дигиталната, а особено ВИ писменоста да не бидат одделни предмети, туку да бидат интегрирани во целокупната едукативна содржина – од градинка до универзитет – прилагодени на развојната фаза на детето или младиот човек. Наместо формални испити по медиумска писменост, потребен е практичен, проектен и критички пристап – заснован на соработка меѓу учениците и наставниците, создавање медиумска содржина од самите ученици, анализа на реални примери и дебата за нивните ефекти врз општеството.

28 Македоснки институт за медиуми (МИМ) одицијална веб страна, дел за медиумска писменост, https://mim.org.mk/en/media-literacy/

29 Совет за дигитално образование, Глобална анкета за студенти за вештачка интелигенција 2024, https://www.digitaleducationcouncil.com/post/digital-education-council-global-ai-student-survey-2024

Критичко и креативно размислување – Јаз меѓу формалното и неформалното образование

Недостатокот на критичко размислување претставува уште една сериозна пречка. Иако традиционалното формално образование го нагласува „усвојувањето на знаењето", тоа ретко поттикнува поставување на вистински прашања, разнислување, анализа и аргументација. Од друга страна, неформалните младински организации, обуки и проекти често успешно го охрабруваат ваквиот вид размислување, но нивниот опфат и достапност остануваат ограничени и несистематски.

Како што истакнува УНИЦЕФ во својот извештај за младите во регионот, „за да се одговори на потребите на модерното општество, неопходно е младите да стекнат вештини од 21-от век: критичко размислување, креативност, решавање проблеми и соработка." [30]

Потенцијалот на младинските организации и младинските наративи

И покрај овие предизвици, младите се – и мора да бидат – клучен дел од решението. Во рамки на иницијативата RCC – Western Balkans Youth Lab, младинските лидери, организации и активисти создаваат содржина, формулираат политики и комуницираат со носителите на одлуки во своите земји и на европско ниво[31].

Пример за успешна иницијатива се настаните[32] „Bridging the Gap", каде млади од земјите на Западен Балкан се среќаваат со пратеници, претставници на јавни институции и граѓанското општество за да дебатираат и да најдат заеднички основи за креирање политики за млади, ЕУ интеграции и борба против дезинформации. Оваа иницијатива е организирана од Европскиот парламент и поддржана од Европската комисија.

30 УНИЦЕФ Северна Македонија, „Знаење и вештини за иднината: Деца и млади луѓе", јули 2025 година, https://www.unicef.org/northmacedonia/press-releases/knowledge-and-skills-future-children-and-young-people

31 Официјална веб-страница на Советот за регионална соработка, дел „Младина", 2025 година, https://www.rcc.int/youth

32 Регионален совет за соработка, 4-та Конференција за премостување на јазот во политичкото учество на младите и младинската политика„ https://www.rcc.int/files/user/docs/cd67c-72c45cb53ed1a5e46779ebc87e1.pdf

Други младински иницијативи и активности поврзани со зајакнување на младите во контекст на пристапувањето кон ЕУ вклучуваат: Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO)[33], која овозможува младински размени, програми за мобилност и регионални проекти за унапредување на помирувањето, соработката и активното учество на младите. Според нивните извештаи, од основањето досега, RYCO има зајакнато над 60.000 млади и 250 организации од граѓанскиот сектор, опфаќајќи урбани и рурални средини преку локални, национални и регионални активности.

WeBalkans, во партнерство со други чинители, ја поттикнува вклученоста на младите преку платформи како Младите европски амбасадори (YEAs)[34].Мрежата YEA организира информативни сесии, медиумски кампањи и локални иницијативи што инспирираат младинско учество и ја засилуваат регионалната соработка – од локално до меѓународно ниво.

Пошироките напори поддржани од ЕУ ги вклучуваат Иницијативата Youth Lab Mental Health за Западен Балкан и секторски младински проекти поврзани со Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан. Овие иницијативи се фокусираат на вештини, отворање работни места, претприемништво и дигитална транзиција, обезбедувајќи значајно учество на младите и надвор од традиционалните младински сектори[35].

Ваквите добри практики мора да бидат препознаени и поддржани- не само финансиски, туку и преку обебзедување видливост, можности за вмрежување и поширока поддршка од страна на европските и националните органи.

33 Регионална канцеларија за младинска соработка (RYCO), официјална веб страница, https://www.rycowb.org/

34 Официјална веб страница на We Balkans, дел за млади европски амбасадори, https://webalkans.eu/en/yea/

35 Официјална веб-страница на ресурсниот центар SALTO, https://wbc-rti.info/object/organisation/23094.html

5. Економска перспектива: Предизивици за младите

Во поширокиот контекст на економска нестабилност, инфлација и предизвици во јавната администрација, младите во Северна Македонија – и низ целиот Западен Балкан – се соочуваат со сериозни структурни бариери кои ги поттикнуваат евроскептичните ставови. Иако Европската унија често се гледа како извор на економска стабилност, отсуството на опипливи резултати и видливи придобивки на терен ја ослабува оваа перцепција.

5.1. Клучни економски пречкикои го зајакнуваат младинскиот евроскептицизам

Како што беше наведено претходно, според податоците[36]од Еуростат и ИЛО, Северна Македонија и понатаму бележи стапки на невработеност кај младите над 30%, што е значително над просекот на ЕУ. Истовремено, 15,3% од сите вработени во државата работат со привремени договори, додека 34,7% од младите работници на возраст од 15 до 24 години се вработени на определено време.

Ова многу млади ги позиционира во нестабилни, краткорочни или ниско платени позиции, што ја засилува економската несигурност и разочараноста од процесот на пристапување кон ЕУ.

Во анкетата [37]спроведена како дел од оваа публикација, голем број испитаници изјавија дека не веруваат дека нивната иднина е во земјата, дури и ако таа се приближи до членството во ЕУ.

36 Туманоска, Справување со ранливостите на младите на македонскиот пазар на трудот. Серија блогови „Достоинствени работни места за млади“, Меѓународна организација на трудот, 2020„ https://www.youthforesight.org/resource-details/Blogs/803

37 Онлјан анкета “Младите и евроскептицизмот во Северна Македонија”, ИДУЕП, ФНГ, ЕЦЕ и Студентарија Јуни 2025, https://www.excellenceeurope.org/news/youth-in-north-macedonia-and-euroscepticism-over-40-hold-a-positive-view-of-the-eu-but-lack-faith-in-the-country-s-quick-eu-accession

5.2. Ниски плати и недостаток на можности за напредување

Младите често работат под нивото на својата квалификација и за ниски плати.

Ова создава фрустрација и економска немоќ. На пример, студиите[38] на RCC поврзани со безбедноста и младите укажуваат на висок процент млади кои би ја напуштиле земјата трајно доколку им се укаже можност, во распон од 50–70% во зависност од годината и подгрупата.

Овој социо-економски притисок директно ја поттикнува желбата за иселување и ја намалува довербата во системот, вклучувајќи ги и перспективите за членство во ЕУ.

5.3. Ограничен пристап до капитал и поддршка за младинско претприемништво

Иако младите често се двигатели на иновации и креативни идеи, нивниот пристап до финансии, деловна поддршка и менторство е сериозно ограничен.**Стартап екосистемот во Северна Македонија останува недоволно развиен, а европските фондови, иако достапни, не се секогаш пристапни за оваа група**. Причините вклучуваат слаба дистрибуција на информации, недоволно развиени регионални младински мрежи, нерзвиени стартап системи и ограничена соработка со европските стартап заедници.

Националната програма за економски реформи (ЕРП)[39]вклучува реформски мерки насочени кон младинската вработеност и претприемништвото, но имплементацијата е бавна и често останува само на хартија.

38 RCC Годишен извештај 2023-2024, https://www.rcc.int/files/user/docs/reports/RCC-Annual-Report-2023-2024-text.pdf

39 Официјална веб страница на МФ на РСМ, "Прогарама за економска реформа https://finance.gov.mk/en/economic-reform-programme

5.4. Недоволна поврзаност меѓу образованието и професиите на иднината

Формалниот образовен систем продолжува да создава кадар кој не ги задоволува целосно потребите на пазарот на трудот, особено во новите и растечки области како што се дигитализација, ИТ, вештачка интелигенција и нови технологии. Овој јаз создава генерации млади кои или се невработени или работат во нерелевантни сектори.

Ова се истакнува и во анализите на УНДП во Северна Македонија, кои укажуваат дека невработеноста останува најголем проблем за младите поради недостаток на вештини и несоодветствување меѓу образованието и барањата на пазарот на труд[40].

5.5. Притисок за иселување поради недостиг на можности усогласени со ЕУ

Недостатокот на можности за обуки, професионален развој и соработка со европски партнери го зголемува „поттикнувачкиот фактор“ за иселување. Младите сакаат да бидат дел од европскиот пазар на труд, но според истражувањата, тие имаат ниска доверба во националните и локалните институции и гледаат мала реална можност тоа да го остварат дома.

Нашата анкета[41]покажа дека 46,5% од младите не веруваат дека Северна Македонија **некогаш ќе стане членка на ЕУ**-став кој директно се поврзува со недостаток на опипливи и видливи можности.

40 УНДП Северна Македонија, „Предизвици за младите претворени во решенија“,https://www.undp.org/north-macedonia/news/youth-challenges-transferred-solutions-what-undp-north-macedonia-does-subject

41 Онлјан анкета “Младите и евроскептицизмот во Северна Македонија”, ИДУЕП, ФНГ, ЕЦЕ и Студентарија Јуни 2025, https://www.excellenceeurope.org/news/youth-in-north-macedonia-and-euroscepticism-over-40-hold-a-positive-view-of-the-eu-but-lack-faith-in-the-country-s-quick-eu-accession

6. Препораки за креирање јавни политики

Справувањето со предизвикот на растечкиот младински евроскептицизам не може да се сведе на кампањи или симболични иницијативи. Потребен е холистички пристап кој ќе ги опфати економските, образовните, институционалните и комуникациските предизвици со кои се соочуваат младите.

Затоа резултатите од онлајн-анкетата меѓу младите во Северна Македонија звучат како сериозно предупредување и повик за акција. Доколку младите во земјите-кандидати за членство во ЕУ не добијат вистински можности, стабилност и разбирање, сè повеќе може да престанат да ја гледаат иднината на својата земја во ЕУ.

Потребна е нова, искрена и поблиска комуникација со младите, базирана врз силни партнерства меѓу ЕУ и земјите кандидати, со младите во центарот -заедно со конкретна сеопфатна економска и демократска поддршка што е достапна за секој млад човек.

За таа цел, ова поглавје предлага конкретни политики што треба да се применат на национално, локално и европско ниво, со цел надминување на јазот меѓу младите и целите за пристапување кон ЕУ.

6.1. Економско зајакнување и можности

Зајакнување на младинското претприемништво преку ИПА и фондови поддржани од ЕУ

Една од клучните насоки е искористување на ИПА инструментот за директна поддршка на младинското претприемништво. Програмата за економски реформи (ЕРП 2023–2025 [42]) вклучува **мерки за зголемување на младинската вработеност**, но тие треба да се надградат со **полесен пристап до микро-финансирање, акцелераторски програми и техничка поддршка за стартапи.**

42 Официјална веб страница на МФ на РСМ, "Прогарама за економска реформа", https://finance.gov.mk/en/economic-reform-programme

Креирање програми за обука и поддршка за пристап до ЕУ-програми

Младите често не се доволно запознаени со можностите што ги нудат програмите како Еразмус+, ДискаваерЕУ, Европскиот солидарен корпус и други. **Потребни се локализирани информативни и платформи за обука, поддржани од ЕУ и националните институции, кои ќе им помогнат на младите да се снајдат низ бирократските процедури**. Нашата анкета [43] го потврди ова, покажувајќи дека 55,1% од младите изразиле интерес за учество во вакви програми.

Поттикнување на стартап екосистеми и иновациски хабови на локално ниво

Поддршката за локални иновациски хабови и ко-воркинг простори може да ги мотивира младите да ја гледаат својата иднина во сопствената земја. Клучно е овие хабови да имаат европски партнери и да бидат поврзани со програми за дигитална трансформација, како што препорачува RCC во својата анализа[44].

Имплементирање локални стратегии за „задржување на младите“

Општините треба да добијат поддршка за развој на **„локални пакети“** за задржување на младите: субвенционирано домување, локални грантови за вработување, бесплатни курсеви и поддршка за идентификување и искористување можности од ЕУ за младите. Овие мерки треба да се засноваат на партнерства меѓу Делегацијата на ЕУ, државните институции, општините и младинските организации. Програмите треба да бидат дизајнирани и водени од самите млади.

43 Наодите од онлајн анкетата "Младите и евроскептицизмот во Северна Македонија" достапни се во Прилог 1

44 RCC, Мапирање на дигитални иновативни центри и идентификација на потребите во Западен Балкан, октомври 2021 година, https://www.rcc.int/download/docs/Mapping%20of%20digital%20innovation%20hubs_final.pdf/b2d3533b3dd44bb5630121ad3640999b.pdf

Понатамошен развој на дуалното и стручното образование

Дуалното образование претставува сериозен двигател за напредување на младите и нивно позиционирање на пазарот на трудот во согласност со професиите на иднината и со стандардите на ЕУ. Потребно е дополнително имплементирање партнерски модели меѓу средните стручни училишта и компаниите-особено оние со европски инвестиции-како што веќе е препорачано во ЕРП 2023–2025.

6.2. Институционална вклученост и структурни реформи

Полесен пристап до програми и фондови на ЕУ наменети за младите

Долгите процедури и понатаму се меѓу најчестите пречки. Потребно е воспоставување поедноставени процедури и обезбедување поддршка за младите кои сакаат да аплицираат за програми на ЕУ-преку физички и дигитални центри, вклучително и системи за поддршка базирани на вештачка интелигенција.

Воспоставување ЕУ-информативни центри на универзитетите и младински простори

Информациите и можностите што ЕУ ги нуди за младите треба да бидат таму каде што младите се: универзитети, студентски домови, кафулиња, библиотеки и културни центри. Оваа идеја делумно е реализирана преку мрежата Europe Direct, но останува недоволно застапена во земјата и регионот.

Институционализирање на младинското учество во креирање политики и програми

Формалните консултации не се доволни. **Потребно е вистинско вклучување на младите во реформски совети, тела за следење на ИПА III, како и во дијалози со Европската комисија.** Во нашата анкета, 41.6% изјавија дека би разговарале со пратеник во Европскиот парламент-што укажува на голем потенцијал за младинска вклученост и доверба во соработката со ЕУ.

Спречување на одлив на мозоци со стратегии за реинтеграција

Пакети со стимули за „повратници“ – млади со образование или професионално искуство во земји-членки на ЕУ-може да ги мотивираат да придонесуваат дома, во администрацијата, стартапи и образованието. Застарениот избор „или остани во странство/или врати се дома“ мора да се замени со флексибилни модели кои поддржуваат циркуларна мобилност.

Зајакнување на поддршката на ЕУ за образовни реформи и меѓууниверзитетска соработка

Образованието е темел на демократското општество и клучен механизам за негување европски вредности. Институциите на ЕУ треба да играат поактивна улога во поддршката на реформите во националните образовни системи, вклучително преку директна соработка со универзитети, академски кадар и студенти. **Поголема соработка меѓу училиштата и универзитетите во земјите-кандидати и земјите-членки на ЕУ- преку заеднички програми, размена, мобилност и истражување-ќе го зајакне евроспкиот идентитет и институционалните капацитети.**

6.3. Стратешка комуникација, справување со дезинформации и дигитална вклученост

Развивање комуникациски стратегии на ЕУ со фокус на младите

Европската унија и националните институции во земјите-кандидати треба да развијат целосно нови, комуникациски стратегии насочени кон младите луѓе. Ова подразбира поголема употреба на дигитални формати и содржини блиски до младите (видеа, рилсови, сторис, итн.), со директно учество на младите во дизајнирањето и креирањето на овие кампањи. **Нашата анкета за оваа публикација покажува дека 76.2% од младите се најмногу заинтересирани за живеење и работа во ЕУ-што претставува силен мотив за тематска и емпатична комуникација** (повеќе во Прилог 1).

Интегрирање на дигитална/медиумска писменост од основно до универзитетско образование

Воспоставувањето на медиумска и дигитална/ВИ-писменост како задолжителен и стратешки дел од наставните програми е клучно за борба против дезинформации. Ова е нотирано од сите релевантни институции на ЕУ и регионални организации кои се занимаваат со овој сериозен предизвик на Западен Балкан.

Недостатокот на редовна и систематска комуникација и вклучување на младите од земјите-кандидати во процесите на ЕУ, пристапните преговори и можностите или кампањите на ЕУ директно остава простор за евроскептицизам и за странски влијанија кои, преку дезинформациски кампањи, теории на заговор или други хибридни напади, го окупираат информативниот простор предизвикувајќи недоверба во ЕУ, регионална соработка и инклузивни демократски процеси.

Поддршка на креирање младински содржини и учество во кампањи поврзани со ЕУ

Поддршката за младите да создаваат содржини поврзани со ЕУ е алатка и за информирање и за ангажирање. Треба да се поддржат активности за создавање подкасти, блогови, видеа, инфографици, ВИ-содржини и кампањи на популарни социјални мрежи меѓу младите, со цел едноставно и креативно објаснување на политиките на ЕУ. Иако постојат иницијативи за поврзување на младите преку различни платформи, **недостига силен, систематизиран и стратешки пристап** – поттикнат и поддржан во партнерство помеѓу институциите на ЕУ и националните влади во земјите-кандидати.

Дополнителни иницијативи за проверка на факти и медиумска писменост насочени кон млади

Предизвикот со дезинформациите е постојано идентификуван како еден од клучните двигатели на младинскиот евроскептицизам,особено во земјите-кандидати каде довербата во институциите е кревка, а онлајн содржините често се нерегулирани.

Решавањето на овој проблем бара проактивни и младински-насочени мерки за справување. Еден важен чекор е воспоставување или

поддршка на постојни **младински платформи за проверка на факти и иницијативи за медиумска писменост**, со приспособена содржина и алатки за проверка на информации наменети за млади.

Европската унија, во соработка со националните влади и граѓанското општество, треба да го приоритизира **креирањето прекугранични проекти и едукативни кампањи** што ги оспособуваат младите да препознаваат, разобличуваат и се спротивставуваат на дезинформации поврзани со ЕУ интеграцијата и европските вредности.Овие иницијативи може да вклучуваат **интерактивни работилници, медиумски лаборатории и партнерства меѓу училишта**, кофинансирани преку различни програми на ЕУ или преку посебни компоненти во Механизмот за реформи и раст.

Со директно вклучување на младите како ко-креатори на кредибилни информации и градење на нивната отпорност на манипулации, овие заеднички напори можат да ги трансформираат од пасивни примачи во активни брани на демократскиот дискурс.

Градење партнерства со младински инфлуенсери, новинари и платформи

Новиот пристап мора да ги вклучи влијателните млади – инфлуенсери, млади новинари и креатори на содржини на социјалните медиуми. Тие треба да ја пренесуваат пораката на ЕУ на „јазикот“ на новите генерации. Ова подразбира институционална соработка со локалните медиуми, како и активности на платформи како подкасти, студентски мрежи, младински портали и слично.

Клучно е вратата за учество да остане отворена за секој млад човек, обезбедувајќи еднакви можности за сите, без селективност, со поширок опфат на активности и избегнување на елитизам или „окупирање“ на активностите од исти кругови на млади или младински организации во земјите-кандидати за ЕУ.

6.4. Европска институционална акција и поддршка

Интегрирање на младински-ориентирани КПИ во ИПА, Механизмот за реформи и раст и други инструменти на ЕУ

Успехот на европската помош во земјите-кандидати треба да се мери детално и да биде постојано и дигитално достапен преку **младински индикатори**. На пример: колку млади се вработиле преку ЕУ програми, колку аплицирале за грантови, и колку учествувале во консултации или слично. Делумни насоки постојат во ЕРП 2023-2025, но младите мора да бидат видлив индикатор за напредок.

Само ако оваа тема се дискутира отворено – врз основа на факти и онлајн податоци – ќе биде можно да се создадат инклузивни политики, програми и мерки кои даваат резултати за младите, ги зајакнуваат нивната доверба во европската идеја и членството во ЕУ, и директно помагаат во запирање на растечкиот евроскептицизам.

Обезбедување учество на младите за време на посети на ЕП и ЕК и дијалози ЕУ–Западен Балкан

Секоја делегација од Европската комисија или Европскиот парламент што ја посетува земјата-кандидат треба да организира **средби со млади, младински организации и стартап компании основани од млади.** Ова веќе го практикуваат некои пратеници во ЕП, па треба да стане препорака за сите претставници на ЕУ при официјални посети на земјите-кандидати, или кога имаат можнсоти да организираат ппосети на ЕУ институциите од страна на млади луѓе од земјите кандидатки за членство.

Се препорачува ваквите средби да бидат закажувани не само во агендите на високи претставници на ЕУ, туку да станат дел од секоја агенда на претставниците на ЕУ при посети на Западен Балкан, без разлика дали посетата е поврзана со тесни професионални или тематски прашања, или со поширок прашања на ЕУ.

Дополнително, еден од најважните сегменти за спроведување на оваа идеја е создавање **систем за следење на напредокот од таквите**

средби и влијанието што младите го постигнале како резултат на споделени идеи, размена на можности и искуства, и соработка по овие средби.

Предлог на компонента „Млади и проширување“

Идејата за посебна компонента за поддршка во рамки на ИПА Програмите или Механизмот за реформи и раст , насочена кон младите и процесот на проширување, се појавува како потребна и логична можност и еден од следните чекори. Преку ова, младите би биле дел од политичките процеси за пристапување на нивната земја во ЕУ, не само како корисници на проекти (младите од корисници во исто време преземаат улога на креатори и имплементатори).

На овој начин, **преку вклученост на младите и програми водени од млади** во секоја ЕУ програма, младите од земјите-кандидати ќе преземат важна улога во своите земји и општества, развивајќи се според принципите и вредностите на ЕУ, додека истовремено создаваат природни синергии со своите врсници во земјите-членки на ЕУ.

Проширување на Together.eu[45] или слични граѓански платформи за земјите-кандидати

Треба да се разгледа можноста платформата Together.eu да се прошири и на земјите-кандидати. Нивните алатки, календар на настани, мрежи и активности претставуваат голема можност за граѓанска мобилизација, и ако станат достапни на јазиците на земјите-кандидати ќе ја зголеми вредноста, искористеноста и инклузивноста на младите од земјите-кандидати, како и нивниот европски пат.

Овој пристап е важен чекор за запирање на растечкиот евроскептицизам меѓу младите, особено во борбата против дезинформациски кампањи кои ја прикажуваат ЕУ како неодговорна кон земјите-кандидати и младите во Европа кои формално не се дел од Унијата.

45 Together.eu, официјална веб страница, www.together.eu

Работна група на ЕП за млади и проширување

Треба да се разгледа можноста за формирање работна група или друг формален орган во Европскиот парламент насочен кон младите од земјите-кандидати и нивниот придонес кон проширувањето на ЕУ, испраќајќи силна институционална порака до младите и процесот на пристапување кон ЕУ.

Овој работен орган може да биде централно место за иницирање редовни средби и посети, вклучително и млади од земјите-кандидати, следење на посветените компоненти во ЕУ програмите поврзани со младинско учество од земјите-кандидати, и континуирано предлагање резолуции и други акти во корист на учеството на младите и неговото подобрување.

7. Заклучок

Анкетата спроведена за оваа публикација во јуни 2025 година, со повеќе од 1.000 млади луѓе од Северна Македонија, повторно го потврди растечкиот евроскептицизам меѓу младите од земјите-кандидати. Истовремено, таа покажа еден парадокс: иако мнозинството млади гледаат позитивно на ЕУ, речиси половина не веруваат дека нивната земја некогаш ќе стане членка.

Овој јаз меѓу надежта и реалноста, интересот и недовербата, европската идеја и домашните предизвици, ја формира основата на младинскиот евроскептицизам.

Затоа е потребна итна, партнерски координирана и долгорочна акција во земјите-кандидати за ЕУ, која ќе:

- Го препознае младите како креатори, а не само како публика;
- Ги адресира економските и институционалните пречки;
- Ги поврзе младите со конкретни европски програми, содржини и платформи;
- Го направи комуницирањето на ЕУ релевантно, двонасочно и транспарентно.

Оваа публикација јасно покажува дека младите од Северна Македонија – како претставници на земјите-кандидати за ЕУ-не се пасивни набљудувачи, туку активни актери кои бараат простор, перспектива и партнерство. Европа нема да биде целосна без нив, а процесот на проширување нема да успее без нивното значајно учество.

Постојат значајни можности за брзо и одржливо подобрување на довербата меѓу младите од земјите-кандидати во процесот на пристапување кон ЕУ, а голем дел од решението лежи во продолжената соработка и меѓусебното партнерство при спроведување на младински активности помеѓу националните институции и институциите на ЕУ, со јасни можности сите млади да бидат вклучени во дизајнирањето и спроведувањето на таквите програми и активности.

Прилог 1:
Онлајн анкета: Младите во Северна Македонија и евроскептицизмот

Повеќе од 40% имаат позитивен став кон ЕУ, но немаат доверба во брзото пристапување на земјата кон ЕУ. [46]

Резултатите од онлајн анкета спроведена на крајот на месец јуни 2025 година со учество на над 1.000 млади лица од земјава потврдуваат постоење на евроскептицизам помеѓу младите луѓе, различни очекувања за членството во ЕУ, како и голем број можности и активности кои можат да се преземат од страна на националните и ЕУ институциите во соработката со младите луѓе на овој план. Истражувањето е дел од поширока анализа за ставовите на младите кон Европската Унија и се реализира во рамки на соработката меѓу Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП Скопје), Европскиот центар за извонредност од Брисел, Белгија (ЕЦЕ Брисел) и германската Фондација за слобода „Фридрих Науман“, а во соработка со македонската младинска платформа „Студентарија“.



46 Европски центар за извонредност (ЕЦЕ Брисел). „Младите во Северна Македонија и евроскептицизмот: Повеќе од 40% имаат позитивен став кон ЕУ, но немаат доверба во брзото пристапување на земјата кон ЕУ.“ Објавено на 2 јули 2025 година. Достапно на: https://www.excellenceeurope.org/news/youth-in-north-macedonia-and-euroscepticism-over-40-hold-a-positive-view-of-the-eu-but-lack-faith-in-the-country-s-quick-eu-accession

41 процент од младите во земјава ја доживуваат Европската Унија позитивно, 24 проценти имаат негативен став за Унијата, додека нешто над една третина или речиси 35 проценти од младите се неутрални, што јасно укажува на отворен простор за дејствување, но и на отсуство на конкретно доживување или поврзаност со ЕУ вредностите.




Во поглед на иднината на земјата во Унијата, податоците се мошне скептични. Речиси половина од испитаниците, односно 46.5 проценти, не веруваат дека Македонија воопшто ќе стане земја-членка на ЕУ. 35.8 проценти сепак се изјаснуваат дека македонската евроинтеграција ќе се случи, но во подалечна иднина, додека само 6.7 проценти веруваат дека тоа може да се случи во следните пет години, а останатите 11 проценти не знаат, односно немаат став по ова прашање.



Корупцијата е убедливо посочена од младите од земјава како најголема пречка за европската интеграција, со 84.6 проценти од испитаниците што ја избрале оваа опција. По неа следат билатералните спорови (61 процент) и ниската доверба во институциите (60 проценти) – фактори кои јасно покажуваат дека младите ја препознаваат внатрешната политичка состојба како клучен предизвик за приближување кон ЕУ, но и очекуваат конкретни чекори од националните институции во борбата против корупцијата како основа за подобри услови за живот и останување на младите во земјата.



Според анкетата, младите се изјасниле дека се доволно запознаени со вредностите и политиките на ЕУ. Оваа можност ја избрале 53 проценти, додека речиси ист број на млади испитаници рекле дека се многу (22 проценти) или, пак, малку (21.5 проценти) запознаени за ЕУ. Низок процент, односно само 3.5 проценти од младите рекле дека воопшто не се запознаени со вредностите и политиките на Унијата



Најголема заинтересираност помеѓу младите од земјава на теми поврзани со ЕУ предизвикуваат можностите за работа и живот во ЕУ за што се изјасниле 76.2 процент. На второто место се програмите за образование и млади како Еразмус+ за што се изјасниле 55.1 процент, додека, пак, третото место го заземаат темите поврзани со заштитата на човековите права, опција за која се изјасниле 50 проценти од младите. Понатаму младински интерес за ЕУ будат заштитата на животната средина (48.1 проценти), дигитализацијата и иновациите (44.5 проценти) и културната размена (32.2 процент).

На прашањето „Доколку имате можност, дали би сакале да учествувате во дијалог со претставници на ЕУ?“ високи 41.6 проценти од испитаниците изразиле желба да учествуваат во дијалог со претставници на ЕУ и нејзините институции, што покажува отвореност за директна комуникација и вклучување. Сепак, 30.5 проценти од младите луѓе ја избираат опцијата за неучество во ваков дијалог, а сличен број млади луѓе (27.9 проценти) се изјасниле дека во моментов не се сигурни дали би се вклучиле или не. Одговорот на ова прашање повторно остава голем простор за проактивни мерки и активности од страна на ЕУ со цел поттикнување на дијалог со младите од земјите-кандидати за членство во Европската Унија.



На прашањето која земја од Западен Балкан најверојатно ќе стане членка на ЕУ во следните пет години, младите од земјава најчесто го избираат одговорот дека тоа ќе биде Албанија, со над 53.2 проценти од гласовите, додека втора на листата е Црна Гора со 34.5 проценти. Следи Србија со 14.7 проценти, додека под 10 проценти се останатите земји од Западен Балкан. Македонската интеграција како реалност во следните 5 години е посочена само

од 8.2 проценти од испитаниците, што претставува јасен сигнал и аларм со цел преземање на конкретни мерки и активности особено од домашните институции и носители на јавни функции со цел брзо надминување на загубената надеж и уверување во европската перспектива на земјата помеѓу младите луѓе со цел нивно целосно оттргнување од евроскептицизмот.

„Овие резултати се сериозен аларм и повик за акција. Ако не им се понудат реални можности, стабилност и разбирање, младите од земјите-кандидати за членство во Унијата можно е сè помалку да гледаат иднина во евроинтеграциите. Потребна е нова, искрена и блиска комуникација со младите, цврсти партнерства помеѓу ЕУ и земјите-кандидати за членство со фокус на младите, но и конкретна економска и демократска поддршка, која ќе биде навистина широка и отворена за секоја млада личност“, изјави Бојан Кордалов, комуниколог и директор за креирање на политики и комуникации во Европскиот центар за извонредност (ЕЦЕ) со седиште во Брисел.

На анкетата одговорија над 1.000 млади луѓе од земјава од кои 81.5 процент се актуелни студенти на додипломски или постдипломски студии, а е спроведена во соработка со младинската платформа „Студентарија“ и претставува дел од тековен истражувачки процес кој ќе резултира со тематска публикација на македонски и англиски јазик и конкретни препораки за идно дејствување на националните и ЕУ институциите со цел правилно адресирање на евроскептицизмот меѓу младите луѓе во земјите-кандидати за членство во Европската Унија.

Биографија на автори



Бојан Кордалов е виш експерт за стратешка комуникација и јавни политики со седиште во Брисел, со повеќе од 20 години искуство во пренесување на сложени дигитални и теми поврзани со ЕУ политики во концизни, кон публиката насочени пораки кои поддржуваат стратешки цели и вклученост на засегнатите страни. Тој моментално работи како Директор за политики и комуникации во Европскиот Центар за извонредност (ЕЦЕ Брисел).

Работата на Бојан се фокусира на борба против дезинформации, поттикнување медиумска и ВИ-писменост, како и промовирање демократско учество во земјите-кандидати за ЕУ членство. Кордалов редовно придонесува во дискусии на ниво на ЕУ за комуникација, ВИ-писменост, проширување на ЕУ и доверба во граѓанското општетсво.

Повеќе информации се достапни на LinkedIn: https://www.linkedin.com/in/bojankordalov/

Веб страница на ЕЦЕ :

https://www.excellenceeurope.org/news/expertise



Теодора Ставрова е млада професионалка со искуство во меѓународни проекти на граѓански организации и во приватниот сектор. Од дипломирањето во 2023 година, Теодора придонесува во проекти кои го подобруваат пристапот до финансии, особено за компании во сопственост на жени и водени од жени, како и за младите, промовирајќи инклузивен економски раст, продуктивност и дигитални решенија за конкурентност.Во моментов, таа активно придонесува во ИДУЕП, работејќи на различни иницијативи поврзани со пристапувањето кон ЕУ и зајакнувањето на младите. Исто така, работи во банкарскиот сектор, применувајќи ги своите аналитички и стратешки вештини за управување со финансиски процеси и евалуација на показатели за перформанси.

Повеќе информации се достапни на: LinkedIn: https://www.linkedin.com/in/teodora-stavrova-766a352a5



Ивајло Цонев е Програмски менаџер во Фондацијата за слобода Фридрих Науман за Бугарија и Северна Македонија од 2015 година. Тој тесно соработува со локални и меѓународни партнери за спроведување на иницијативи кои ја унапредуваат младинската вклученост, добро управување и европска интеграција. Со текот на годините, водел низа проекти и публикации за дигитално управување, е-демократија и граѓанско зајакнување, комбинирајќи анализа на политики со практични пристапи за подобрување на учеството на граѓаните.

Повеќе информации се достапни на LinkedIn:
https://www.linkedin.com/in/ivaylo-tsonev-a335881/

Користена литература:

Европска Унија: „Достигнувања и придобивки“, официјална веб-страница, https://european-union.europa.eu/principles-countries-history/achievements_en

Европска комисија, „20 години заедно: Факти и бројки за придобивките од проширувањето за ЕУ“, https://commission.europa.eu/topics/eu-enlargement/20-years-together/20-years-together-facts-and-figures-aboutbenefits-enlargement-eu_en

Дамјановски, Лаврић и Натерер, „Предвидувачи на евроскептицизмот во Западен Балкан“ и други студии за евроскептицизмот во земјите кандидатки за ЕУ, https://www.researchgate.net/publication/340417200_Predictors_of_Euroscepticism_in_six_Western_Balkan_countries

Европска комисија, „Северна Македонија“, Европска комисија – Проширување,официјална веб-страница, https://enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/north-macedonia_en

Онлајн анкета „Младите во Северна Македонија и евроскептицизмот“, ЕЦЕ, ФНФ, ИДУЕП и Студентарија, јуни 2025 година, достапно на: https://www.excellenceeurope.org/news/youth-in-north-macedonia-and-euroscepticism-over-40-hold-a-positive-view-of-the-eu-but-lack-faith-in-the-country-s-quick-eu-accession

Бенџамин Куто, „Патот на Северна Македонија кон ЕУ: Предизвици и можности во 2025 година“, Институт Жак Делор, декември 2024 година, https://institutdelors.eu/wp-content/uploads/2025/04/BP_241210_North_Macedonia_Couteau.pdf

Европска комисија, „Специјални анкети за Евробарометар и перцепција“, 2 септември 2025 година, достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/news/special-eurobarometer-and-perception-surveys-2025-09-02_en

Влада на Република Северна Македонија и Република Грција, Конечен договор за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на ОН, и воспоставување стратешко партнерство (Преспански договор), потпишан на 17 јуни 2018 година, https://vlada.mk/sites/default/files/documents/spogba.pdf

Официјална веб-страница на Обединетите нации, „Шефот на ОН ја поздравува политичката волја зад историскиот договор за името на Македонија“, февруари 2019 година, https://news.un.org/en/story/2019/02/1032731

Армаколас, Петковски и Вудури, Преспанскиот договор една година по ратификацијата: од ентузијазам до неизвесност?, ЕВРОТИНК, 2020, https://eurothink.mk/wp-content/uploads/2020/09/The-Prespa-Agreement-1.pdf

Армаколас, Дамјановски и Сијакас, „Проспективите на договорот од Преспа: Јавните перцепции во Северна Македонија и Грција (Скопје и Атина: Институт за демократија „Социетас цивилис“ и ЕЛИАМЕП), јуни 2021 година, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/The-Prospects-of-the-Prespa-Agreement-Public-Perceptions-in-North-Macedonia-and-Greece.pdf

Анкета „Младите во Северна Македонија: Оптимизам, апатија или разочарување?“ од Вестминстерската фондација за демократија, февруари 2022 година, https://www.wfd.org/what-we-do/resources/youth-north-macedonia-optimism-apathy-or-disappointment

Студија на случај „Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочарување“ од Вестминстерската фондација за демократија, декември 2019 година, https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-02/WFD%20FINAL-SPOENA%20so%20korica-pomal%20(2).pdf

Анкета за јавно мислење од IDSCS, февруари 2025 година, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2025/02/Analysis-of-public-opinion-on-North-Macedonias-accession-to-the-European-Union-2024.pdf

Прес-конференција на Орхан Муртезани, Министер за европски прашања на Република на Северна Македонија, јули 2024 година, https://koha.mk/en/fondet-ipa-maqedonia-per-tre-vjet-humbi-122-milione-euro/

Европска комисија, Извештајот на ОЛАФ за 2023 година, https://ec.europa.eu/olaf-report/2023/investigative-activities/protecting-eu-funds/international-investigations_en.html#irregularities-in-the-implementation-of-erasmus-projects

ЕК бара надомест на 2,2 милиони евра злоупотребени преку Еразмус+ во Северна Македонија во 2016-2018 година, Национална агенција МИА, март 2024 година, https://mia.mk/en/story/ec-requests-reimbursement-of-eur-2.2-million-misused-througherasmus-in-north-macedonia-in-20162018

Стапка на невработеност кај младите во Северна Македонија од 1991 до 2024 година, Статиста, https://www.statista.com/statistics/812208/youth-unemployment-rate-in-macedonia/

Студија за политики „Анализа на недоволната вработеност кај младите во Северна Македонија, Црна Гора и Србија“, ФајнансТинк, март 2019 година, https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/10/Policy-study-22.pdf

ЕК, Youth Wiki, "Вработување и претприемништво, Општ контекст", https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki/chapters/republic-of-north-macedonia/31-general-context

Студија за млади: Северна Македонија, ФЕС, 2024, https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/21550.pdf

Размислувања за аспирациите за емиграција на младите, образовани луѓе во малите балкански земји: Квалитативна анализа на причините за заминување или останување во Северна МакедонијаЦЕЕМР, јуни 2022 година, https://ceemr.uw.edu.pl/vol-11-no-1-2022/articles/reflections-emigration-aspirations-young-educated-people-small-balkan

Статија: „Млади и активни: Каде младите сакаат да живеат и работат во ЕУ?“, ЕНР, јануари 2025 година, https://europeannewsroom.com/young-and-restless-where-do-young-people-want-to-live-and-work-in-the-eu/

Регионален совет за соработка, „Балкански јавен барометар 2024“, https://www.rcc.int/balkanbarometer

Колумна „Долга приказна накратко“: Мора да се адаптираме, бидејќи вештачката интелигенција веќе го менува светот, Бојан Кордалов за ИТлогс, август 2025 година, https://itlogs.com/long-storyshort-we-must-adapt-because-ai-is-already-changing-the-world/

Македонски институт за медиуми (МИМ) одицијална веб страна, дел за медиумска писменост, https://mim.org.mk/en/media-literacy/

Совет за дигитално образование, Глобална анкета за студенти за вештачка интелигенција 2024, https://www.digitaleducationcouncil.com/post/digital-education-council-global-ai-student-survey-2024

УНИЦЕФ Северна Македонија, „Знаење и вештини за иднината: Деца и млади луѓе“, јули 2025 година, https://www.unicef.org/northmacedonia/press-releases/knowledge-and-skills-future-children-and-young-people

Официјална веб-страница на Советот за регионална соработка, дел „Младина“, 2025 година, https://www.rcc.int/youth

Регионален совет за соработка, 4-та Конференција за премостување на јазот во политичкото учество на младите и младинската политика, https://www.rcc.int/files/user/docs/cd67c72c45cb53ed1a5e46779ebc87e1.pdf

Официјална веб страница на RYCO , https://www.rycowb.org/

Официјална веб страница на We Balkans, дел за млади европски амбасадори, https://webalkans.eu/en/yea/

Официјална веб-страница на ресурсниот центар SALTO, https://wbc-rti.info/object/organisation/23094.html

Туманоска, Справување со ранливостите на младите на македонскиот пазар на трудот. Серија блогови „Достоинствени работни места за млади“, Меѓународна организација на трудот, 2020, https://www.youthforesight.org/resource-details/Blogs/803

РСС Годишен извештај 2023-2024, https://www.rcc.int/files/user/docs/reports/RCCAnnual-Report-2023-2024-text.pdf

Официјална веб страница на МФ на РСМ, “Прогарама за економска реформа”, https://finance.gov.mk/en/economic-reform-programme

УНДП Северна Македонија, „Предизвици за младите претворени во решенија“, https://www.undp.org/north-macedonia/news/youth-challenges-transferred-solutionswhat-undp-north-macedonia-does-subject

Официјална веб страница на МФ на РСМ, “Прогарама за економска реформа”, https://finance.gov.mk/en/economic-reform-programme

РСС, Мапирање на дигитални иновативни центри и идентификација на потребите во Западен Балкан, октомври 2021 година, https://www.rcc.int/download/docs/Mapping%20of%20digital%20innovation%20hubs_final.pdf/b2d3533b3dd44bb5630121ad3640999b.pdf

Together.eu, официјална страница, www.together.eu



FRIEDRICH NAUMANN FOUNDATION For Freedom.

Bulgaria and North Macedonia



